ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.11/24
03.09.2024 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], примено на 02.09.2024 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово на ден 03.09.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted], за пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на Статистички податок за бројот на кривични постапки поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот од 01 јануари 2024 година до 31 август 2024 година, СЕ УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted], имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

Во Основен суд Кратово во периодот од 01 јануари 2024 година до 31 август 2024 година нема ниту еден предмет заведен во АКМИС системот кој што се однесува на кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 03.09.2024 година, под СПИ.бр.11/24

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.11/24
03.09.2024 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 02.09.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решението СПИ.бр.11/24 од 03.09.2024 година по бараните информации.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово